# АДИНГМАРКЕР-П

*Висококвалитетен премаз за бетонски и асфалтни подлоги, произведен врз база на синтетички смоли и растворувачи.*

## Област на примена:

Основна примена на Адингмаркер-П е за обележување на патишта. Исто така се користи и како премаз за завршна заштитна и декоративна обработка на бетонски и асфалтни подни површини во магацини, гаражи, производствени погони, рекреативни спортски терени и други објекти.

## Својства:

- еднокомпонентна пастозна смеса;
- добра адхезија за подлогата;
- добра абразивна отпорност;
- добра отпорност на разредени хемикалии, раствори на соли и минерални масла;
- отпорност на атмосферски влијанија;
- декоративност - можност за изработка во повеќе нијанси;
- монолитност;
- економичен;
- едноставен за изведба;
- лесен за одржување;

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Специфична тежина: | 1,5 гр/см$^3$ |
| Абење (Таберов индекс): | 0,300TWI |
| Содржина на сува материја: | 70 - 72% |
| Адхезиона јакост : | 1,6±0,2 МПа |
| Тврдина по Кенонг: | 33,6 с. |

## Подготовка на подлогата:

Подлогата треба да е цврста, сува, чиста и обезмастена. Адингмаркер-П е тенок премаз и поради тоа, за да се добие добар декоративен завршен изглед, потребно е завршната обработка на подлогата да биде со фина текстура.

*Асфалтна подлога*
Асфалтот на кој се нанесува премазот треба да биде здрав, сув, чист и обеспрашен. Обеспрашувањето на подлогата најправилно е да се изведе со воздух под притисок.
*Нова бетонска подлога*
Бетонот треба да биде одлежан 28 дена, да е со минимална јачина на притисок од 25 МПа. Малтер, флеки од боја и масло доколку се присутни на подлогата треба да бидат отстранети. Доколку на површината има цементно млеко, истото е треба да се отстрани по механички пат. Завршно подлогата треба да се обеспраши со индустриска правосмукалка.
*Стара бетонска подлога*
Здрава и чиста подлога е главен предуслов за постигнување на одлична адхезија. Како и кај новата бетонска подлога, отстранувањето на цементното млеко се врши по механички пат. Пенетрирани маснотии и нечистотии во подлогата треба да се отстранат со детергенти или специјални препарати за таа намена. Сите оштетувања на подлогата треба да бидат санирани користејќи соодветни материјали.
За добивање на монолитност на подот, работните фуги се исполнуваат со соодветен еластичен кит (Адингакрил).

## Вградување:

Материјалот се нанесува со четка, јарец, а најдобро е машински со распрскување. Се нанесува во два слоја со сувослојна дебелина на еден нанос од 150÷200μ. Адингмаркер-П во зависност од температурните услови и начинот на апликација, може да се разреди со Растворувач П од 5% до 10%.
Времето на сушење на еден премаз при 20ºC изнесува 30 мин. Втор слој се нанесува по целосно сушење на првиот слој, а тоа време изнесува 2 часа при 20ºC.
Температурата на подлогата при апликација на Адингмаркер-П, треба да е > 5ºC.
Обработените површини треба да бидат заштитени од врнежи во период од 2÷3 часа.

## Одржување:

Долговечноста на подот зависи од правилното одржување на подот. Подот обработен со Адингмаркер-П вообичаено може да се чисти со машини со ротациони меки четки со детергенти што се растворени во вода или со топла вода до 50°C.

## Потрошувачка:

0,50÷0,60 кг/м²

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со Растворувач-П веднаш по употребата.

## Пакување:

Лимени канти од 4 и 20 кг.

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од минимум 5°C до 30°C, заштитен од директно изложување на сонце. Рок на употреба: 9 месеци.

## Стандардни бои:

Адинг - стандардна тон карта / број 3

Забелешка:
Можна е изработка и во други бои, надвор од стандардната тон-карта, на посебно барање на купувачот.

Опасност по здравјето: Производите содржат реактивни состојки кои во неврзана состојба делумно штетно влијаат на здравјето. При вградување задолжително е користење на заштитна опрема: ракавици, маска и очила. Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата. При инцидентен контакт, производот треба веднаш да се отстрани со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднашда се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош. Доколку се проголта, потребно е веднашда се побара медицинска помош.
Пожар: Адингмаркер-П и Растворувач-П содржат запаливи растворувачи. Не треба да се користат блиску до отворен оган или да се пуши за време на употребата.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Адингмаркер-П се чистат со Растворувач-П. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на адекватна опрема.

ADING
Новоселски пат бб, 1000 Скопје, Р.Македонија, ading@ading.com.mk,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840, 2034 822, Факс: ++ 389 / 02 2034 821
www.ading.com.mk